Република Северна Македонија
**Министерство за образование и наука**
Сектор за основно образование

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Arsimit dhe Shkencës**
Sektori për arsim fillor

Бр. 12-8365/2
Датум 23-08-2019

До: Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија
– Одделение за соработка со невладини организации

Предмет: Известување
Врска: Ваш допис бр.44-5016/4 од 19.07.2019 година

Почитувани,

Министерството за образование и наука ја разгледа доставената иницијатива од ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, насловена како „Пилотирање на Сеопфатно сексуално образование во основните училишта" доставена до Владата на петтиот отворен ден за иницијативи на граѓанските организации, одржан на 27.06.2019 година, и по однос на истото Ве известуваме за следното:

Министерството за образование и наука веќе презема низа активности за воведување на сеопфатно сексуално образование во основното образование. Во таа насока од страна на Бирото за развој на образованието со Решение бр. 02-570/1 од 13.03.2018 година формирана е Работна група која што има за цел да му предложи на министерот за образование и наука, модели за сеопфатно сексуално образование за основно и средно образование. Предлог моделот/ите кои што произлегуваат од работењето на оваа група, имаат за цел да го унапредат пристапот до проверени и релевантни информации од полето на сексуалното и репродуктивно здравје, во рамките на основното и средно образование.

Работната група ја сочинуваат претставници од: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образование, Центар за стручно образование и обука, претставници од: Институтите за психологија, за педагогија и за дефектологија при Филозофски факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски", Заводот за здравствена заштита на мајки и деца, како и наставници и стручни соработници од основни и средни училишта и претставници од граѓанскиот сектор:

Во периодот од март 2018 до ноември 2018 година, Работната група реализираше три работни средби (две еднодневни во Скопје и една дводневна во Велес) на кои исцрпно се дискутираа можностите и ограничувањата поврзани со воведувањето на сеопфатно


1794

Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

сексуално образование (ССО) во формалниот систем на образование во Република Северна Македонија. Работната група се залага за имплементација на возрасно сензитивна и сеопфатна програма од сферата на сексуалното и репродуктивното здравје и права, од предучилишна возраст, па се до крајот на средно образование и да опфати што е можно поголем број ученици.

За сега, оваа работна групата своите активности ги има насочено само кон обезбедување предлог модел за реализација на ССО во основното образование. Поаѓајќи од актуелниот наставен план за деветгодишното основно образование и наставните програми врз основа на кои се реализира наставата во основните училишта, работната група разгледа седум можни модели за воведување на Сеопфатното сексуално образование во училиштата:

Модел 1: Задолжителен наставен предмет

Модел 2: Изборен наставен предмет

Модел 3: Интегрирани содржини во наставните предмети: Биологија, Унапредување на здравјето,Граѓанско образование

Модел 4: Вонnаставна активност

Модел 5: Програма за образование за животни вештини

Модел 6: Модифициран модел за задолжителен предмет

Модел 7: Модифициран модел за изборен предмет

Моделот број 7 е избран како потенцијално најуспешен, и работната група предложи тој да биде пилотиран во најмалку четири училишта (Две во урбана средина, едно во рурална средина и едно училиште каде мнозинство од учениците се од малцинските етнички заедници) кои би се пријавиле доброволно за негова реализација, во деветто одделение. Едно училиште со слични карактеристики ќе служи за компарација на резултатите со останатите.

Пилотирањето, е предвидено да отпочне со реализација во 2021 година, доколку претходно бидат завршени сите планирани чекори: изработка на материјали за обука на наставниците, обука на наставниците, изработка и пилотирање на инструментите за евалуација на пилот програмата.

Исто така од страна на Министерството за образование и наука формирана е работна група за изнаоѓање начин и механизми на материјално и финансиско зајакнување на капацитетите и за поголеми ефекти околу свесноста за сеопфатно сексуално образовани. Оваа работна група е составена со претставници од Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Здружение на граѓани „ХЕРА", Министерство за финансии, Министерство за здравство и Министерство за труд и социјална политика.

Работна група за изнаоѓање начин и механизми на материјално и финансиско зајакнување на капацитетите и за поголеми ефекти околу свесноста за сеопфатно сексуално образовани има одржано три работни состаноци. Од страна на оваа работна


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

група усвоен е Стратешки и финансиски план за пилотирање на ССО во основното образование 2019-2021.

Согласно овој план, моментално од страна на работната група формирана од БРО се работи на Подготовка на прирачник за наставници за пилот програма за сеопфатно сексуално образование во деветто одделение од основното образование; Утврдување/дефинирање на рамка за пишување на работилница согласно програмата за ССО базирана на компетенции; Анализа на постојните работилници и нивна адаптација согласно новата програма, истиот планирно е да биде завршен до септември 2019 година.

Откако ќе бидат изготвени предлог наставни програми, материјалите за обука на наставниот кадар и прирачниците за ССО, ќе се пристапи кон пилотирање на избраниот предлог модел за ССО.

Во прилог е Стратешки и финансиски план за пилотирање на ССО во основното образование 2019-2021 година, во кој се наведени активностите и предвидените средства кои се потребни за воведување на ССО.

Со почит,

**МИНИСТЕР / MINISTËR**
**Dr. Arbër Ademi**

Подготвил: м-р Даниела Граороска
Прегледал: Елена Ивановска
Одобрил: Назиктере Сулејмани


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

**СТРАТЕШКИ И ФИНАСИСКИ ПЛАН ЗА ПИЛОТИРАЊЕ НА СЕОПФАТНО СЕКСУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**ЗА ПЕРИОДОТ 2019 - 2021**

| АКТИВНОСТ | ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД | ИНДИКАТОР | ПОТРЕБЕН БУЏЕТ |
|---|---|---|---|
| **Подготовка на прирачник за наставници** за пилот програма за сеопфатно сексуално образование (ССО) во деветто одделение од основното образование:<br>- Утврдување/дефинирање на рамка за пишување на работилница согласно програмата за ССО базирана на компетенции;<br>- Анализа на постојните работилници и нивна адаптација согласно новата програма;<br>- Подготовка на нови работилници. | Март-Октомври 2019 | - подготвен прирачник за наставници со над 35 работилници на 7 теми за пилот програма за ССО и доставен до МОН за одобрување | 378.000 ДЕН –веќе се обезбедени од ХЕРА<br><br>+ техничко уредување и ревизија на целиот прирачник<br>81.000 ДЕН |
| **Превод на албански јазик** на прирачникот на наставници за пилот програмата за ССО во 9-то одделение во основното образование | Декември 2019 | - направен превод на прирачникот на албански јазик | 108.000 ДЕН |
| Изработка на **Нацрт за пилотирање на ССО** во четири основни училишта:<br>- Изработка на предлог инструменти за мерење на ефектите од програмата;<br>- Селекција на училиштата. | Октомври-Ноември 2019 | - подготвен Нацрт план и доставен до МОН за одобрување (заедно со Наставната програма и Прирачникот за наставници) | 108.000 ДЕН |
| **Изработка на инструменти за евалуација на пилот програма за ССО** во основните училишта согласно наставната програма:<br>- Изработка на тестови на знаење;<br>- Изработка на скали на | Ноември-2019-Ноември 2021 | - подготвени инструменти за евалуација на ССО во основно образование и доставени до МОН за одобрување | 486.000 ДЕН |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ставови;<br>- Изработка на чек листи за посматрање на час;<br>- Изработка на прашалници за учениците;<br>- Изработка на прашалници за наставниците;<br>- Изработка на прашања за водење фокус групи со родители;<br>- Селекција на примерок за проверка на метриските карактеристики на скалата за ставови и тестот на знаење и задавање на инструментите;<br>- Проверка на метриските карактеристики на инструментите преку статистичка обработка на податоците и изработка на финалната верзија на инструментите за евалуација на пилот програма за ССО во основните училишта. | | | |
| **7-дневна обука на наставници** од четири основни училишта за пилотирање на програмата за ССО:<br>- Изработка на модул за обука на наставници;<br>- Селекција/Пријавување на наставниците за обука;<br>- Реализација на обуката;<br>- Трошоци за сместување/патување;<br>- Материјални трошоци (работни листови-копирање). | Април 2020 | -20 наставници од 4 основни училишта поминале обука за пилот програма за ССО | - за модул, селекција и реализација<br>- за сместување/ пат/ копирање<br>324.000 ДЕН |
| **Супервизија и поддршка во процесот на спроведување на пилот програмата за ССО** во четири избрани основни училишта | Септември 2020 – Јуни 2021 | - спроведена пилот програма во 4 основни училишта | 108.000 ДЕН |
| **Евалуација на резултатите** од спроведената пилот програма | Декември 2021 | - Евалуациски извештај | 162.000 ДЕН |

| | | | |
|---|---|---|---|
| за ССО во четирите основни училишта:<br>- Спроведување на истражувањето со учениците, наставниците, родителите;<br>- Обработка на податоците (квалитативна и квантитативна);<br>- Подготовка/Пишување извештај. | | | |
| **Ревизија на прирачникот** за наставници за воведување на ССО согласно наодите од евалуацискиот извештај | Март 2021 | - Ревидирани компетенции и наставен материјал за воведување на ССО | 64.800 ДЕН |
| Подготовка на програмата од прво до деветто одделение базирана на компетенции и модел за ВОВЕДУВАЊЕ на ССО во основните училишта | Јуни 2021 | - Подготвени компетенции и модел за воведување на ССО во основни училишта и доставен до МОН | 270.000 ДЕН |
| Вкупно трошоци | | | 2.089.800 ДЕН |